РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
02-729/7
22.12.25

NATIONAL INSTITUTION
OHRID SUMMER - OHRID

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

П.Фах 23, 6000 Охрид, Република Северна Македонија | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk
P.O. 23, 6000 Ohrid, Republic of North Macedonia | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/2024) и член 12 став (2) алинеја 18 од Статутот на НУ „Охридско лето“ Охрид (01-114/13 од 10.04.2019), директорот на НУ „Охридско лето“ Охрид, донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2025 за унапредување на административен службеник во НУ „Охридско лето“ Охрид**

1. За извршител на работното место КУЛ 01 02 БО4 001 - Раководител на одделение за административни, општи и правни работи во Одделение за административни, општи и правни работи во НУ „Охридско лето“ Охрид се избира кандидатот **Љупка Косаркоска**.
2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од точка 1 на оваа одлука по конечноста на истата, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Врз оснава на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски бр.19-7404/2 од 11.07.2025 година, НУ „Охридско лето“ Охрид објави Интерен оглас број 01/2025, со архивски бр.04-728/1 од 03.12.2025 година, на ден 09.12.2025 година на својата веб страна и на веб страната на Агенција за администрација, за унапредување на еден (1) административен службеник, за работното место Раководител на одделние за административни, општи и правни работи во Одделение за административни општи и правни работи.

Директорот на НУ „Охридско лето“ Охрид со Решение со архивски бр.02-729/4, од 17.12.2025 година формираше Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за унапредување.

По спроведената административна селекција, Комисијата за селекција за унапредување изработи Записник од административната селекција за интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на административен службеник со архивски бр.04-729/5 од 19.12.2025 година и по спроведеното интервју од страна на директорот на НУ

„Охридско лето“ Охрид, Комисијата за селекција за унапредување изработи Записник од спроведување на интервју со финална ранг-листа на канидати од двете фази на селекција и предлог одлука за унапредување со архивски бр.04-729/6 од 20.12.2025 година.

Врз основа на финална ранг листа на канидати од двете фази на селекција и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас бр.01/2025 директорот на НУ „Охридско лето“ Охрид одлучи како во диспозитивот на оваа одлука..

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на НУ „Охридско лето“ Охрид.

**НУ ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД**
**Директор**
**м-р Ѓорѓи Цуцковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ОХРИДСКО ЛЕТО * Охрид

Изработил: м-р Христина Стефаноска, помлад соработник

Доставено до:

- Архива на НУ „Охридско лето“ Охрид
- Комисија за селекција на кандидати
- Именуваната